# Дневна хемеротека за *01.12.2015г.*

## МИА - *Почнуваат преговори на конференцијата за климата во Париз*

ВТОРНИК, 01 ДЕКЕМВРИ 2015, 10:21:55

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕР

Насловна | Почнуваат преговори на конференцијата за климата во Париз

### Почнуваат преговори на конференцијата за климата во Париз

Препорачај 2

вторник, 01 декември 2015 07:41




**Париз, 1 декември 2015 (МИА)** - По говорите на претседателите, делегации на 195 држави почнуваат денеска преговори на светската конференција за климата што се одржува во Париз.

Пред да се врати во Вашингтон, американскиот претседател Барак Обама ќе има прес-конференција, јавија француски медиуми.

Францускиот претседател франсоа Оланд ќе присуствува на мини средба на високо ниво со десетина лидери од африкански држави. Темата на средбата е Климатските предизвици и африканските решенија.

– Ќе биде тешко. Проектот за договор е долг и има многу варијанти, наведува европски претставник на конференција цитиран од француски медиуми. зш/**07:26**

## Телма - [На конференцијата за климата во Париз почнуваат преговори]

По говорите на претседателите, делегации на 195 држави почнуваат денеска преговори на светската конференција за климата што се одржува во Париз. Пред да се врати во Вашингтон, американскиот претседател Барак Обама ќе има прес конференција, јавија

## Press24 - [Иванов во Париз: Македонија успешно се справува со мигрантската и бегалската криза]

Македонија добива комплименти за начинот на справување со мигрантската и бегалската криза и ние сме една од ретките земји кои успешно се справуваат со овој предизвик, изјави претседателот на Република Македонија Ѓорге Иванов по остварените средби со ...

## Идивиди - [Македонија успешно се справува со мигрантската и бегалската криза]

Париз, 1 декември 2015 (МИА) - Македонија добива комплименти за начинот на справување со мигрантската и бегалската криза и ние сме една од ретките земји кои успешно се справуваат со овој предизвик, изјави претседателот на Република Македонија Ѓорге ...

## Deutsche Welle - [Надежта умира последна]

Сите државници сакаат да придонесат во справувањето со климатските промени. Дали тоа значи дека на крајот на самитот во Париз ќе има договор, кој ѝ помага на климата? Тоа ни од далеку не е сигурно, смета Јенс Турау. Една добра вест за почеток

## UNFCCC - *Leaders Event - Statements by Heads of State and Government - La Seine - His Excellency Mr. Gjorge Ivanov, President of The Former Yugoslav Republic of Macedonia*

United Nations
Framework Convention on
Climate Change

PARIS2015
UN CLIMATE CHANGE CONFERENCE
COP21·CMP11



## DW - Сега конечно сторете нешто за климата!

Made for minds.

# Сега конечно сторете нешто за климата!

Во Париз се собрани околу 150 шефови на држави или на влади, за на почетокот да му дадат политички поттик на самитот на ОН за климата. Крајно време е, по загубените години, да биде направен пробив, смета Барбара Везел.




© M. Ralston/AFP/Getty Images

На самитот за климата во Париз ќе се бараат патишта за да се постигне магичната цел: конечно да се пропише за сите во светот задолжително ограничување на затоплувањето на климата на два степена Целзиусови. Со тоа, како што се надеваат научниците, донекаде би се спречиле најтешките последици од промената на климата. Последниот обид за утврдување на таа цел во 2009. година во Копенхаген доживеа катастрофален неуспех. Оттогаш, со исклучок на некои половични обиди, владее затишје.

### Метеоролозите алармираат

Откако се мерат и бележат температурите, 2015. е поединечно најтопла, а последните 5 години се најтоплиот петгодишен период. Научниците регистрираа катастрофални врнежи од дожд во Кина и Јужна Америка, невремето предизвика рекордни штети на Филипините, а се'

поочајнички алармираат загрозените пацифички острови.

Само апсолутните игноранти, кои - со главата во песок - не сакаат да ги видат опасностите, уште оспоруваат дека судбината на сите нас е загрозена од последиците на промената на климата. За жал, меѓу нив спаѓа и Републиканската партија во САД. Но, барем претседателот Барак Обама во меѓувреме некоја успешна спогодба за климата ја смета за дел од своето завештание. Дури и Кина, во меѓувреме најголем загадувач на воздухот во светот, сега е подготвена барем да навести намалување на нејзините емисии на јаглероден диоксид.



Барбара Везел

##Повеќе изјава за намери, отколку обврзувачка

До почетокот на конференцијата 170 земји упатија изјави со кои се обврзуваат дека ќе работа за посакуваната цел. Но, тоа уште не е причина за оптимизам: дури и кога сите би ги реализирале ветувањата, температурата на Земјата би се покачила за три степени - а научниците велат дека тоа е премногу.

И генералниот секретар на ОН Бан Ки Мун веќе изјави дека таквите најави не се доволни. Знчаи, и покрај одредени добри предзнаци, стартот на оваа рунда преговори е закочен уште на првите метри. САД можат да се согласат само со договор чија реализација би била на доброволна база - задолжителен меѓународен договор би можел да биде блокиран во Конгресот во кој републиканците имаат мнозинство. Тоа е битна пречка.

Освен тоа, и натаму се неизвесни многу други позиции: како, на пример, ќе се однесува Индија, голема земја во забрзан подем, потоа дали земјите во развој на крајот ќе добијат доволно пари од индустриските држави како компензација за нивните напори и многу друго.

## Нема место за национален егоизам

Успехот на овој самит за климата зависи од безбројни детали. Во Париз веќе нема место за национален егоизам, во прашање е иднината на целото човештво. Сите метаформи со часовници кој одбројуваат, а сказалките покажуваат 5 минути до 12 часот, се одамна потрошени. Овој самит мора конечно да донесе вистински голем исчекор напред. Од првиот договор во Кјото загубивме речиси 20 години. Со се' поголем очај, човек посакува сега да им викне на шефовите на држави или на влади во Париз: ниедна војна, ниедни економски проблеми, ниедна бегалска криза, ниедна друга тема не е толку важна колку оваа - дејствувајте конечно!

## +инфо - [Обама: Дојде часот да дејствуваме за намалување на глобалното затоплување]

www.plusinfo.mk



# Обама: Дојде часот да дејствуваме за намалување на глобалното затоплување

Објавено во 20:17 30 ноември 2015 | Прочитано 120 | Печати

МИА

Share 0 Tweet

САД знаат дека сносат одговорност за глобалното затоплување и се декларираат за ефикасен договор, кој ќе помогне да бидат запрени опасните промени во глобалната клима, изјави претседателот Барак Обама.

Тој говореше на светската конференција на ОН за климатски промени во Париз, која започна денеска.

Обама, одржувањето на конференцијата во Париз го нарече „чин на предизвик“ против тероризмот, што докажува дека со нападите што ги прават припадниците на Исламската држава не можат да ја уценуваат Европа и останатите земји.

Претседателот на САД говореше пред 150 светски државни претставници, за да го поздрави Париз и неговите жители дека настојуваа оваа важна конференција да се одржи само две недели по нападот во Франција, во кои беа убиени 130 лица.

- Со овој собир на светските лидери земјите ја покажуваат решителноста за борбата против тероризмот и во исто време се грижат за заедничките проблеми, додаде Обама.

Претседателот на САД ги повика државните претставници да не се обидуваат да се тргнат од решавање на проблемот со изговорот „ние не можеме да сториме ништо“, за да се намали глобалното затоплување.

Тој го цитираше борецот за граѓански права во САД, Мартин Лутер Кинг, дека не можеме да се откажеме бидејќи „часот веќе отчукува“, предупреди Обама.

## Утрински - [Иванов на КОП21: Површната реторика да ја замениме со дела]

**Утрински весник**

### ИВАНОВ НА КОП21: ПОВРШНАТА РЕТОРИКА ДА ЈА ЗАМЕНИМЕ СО ДЕЛА



Претседателот на Република Македонија Ѓорге Иванов се обрати до 150 шефови на држави и влади кои во Бурже-Париз учествуваат на Конференцијата за климата, при што побара „правно обврзувачки договор за климата, применлив за сите", јави дописникот на МИА од Париз.

- Денес, во Париз, кога сме собрани да постигнеме мир со природата, загрижува што нема мир меѓу луѓето. Во време кога се обидуваме да го склучиме последниот договор што треба да ни овозможи одржлив развој, на повидок е сериозна безбедносна бура што може да однесе се што досега е направено, рече на почетокот од својот говор претседателот Иванов.

Македонскиот претседател притоа нагласи дека како што е неопходно да бидеме здружени во борбата против тероризмот, насилниот екстремизам и радикализам, така мора да бидеме здружени и во напорите за постигнување климатски договор.

- Како што ни е неопходен мир меѓу луѓето и народите, така ни е неопходен и мир со природата. А мирот е невозможен без правда и кон луѓето и кон природата, истакна македонскиот претседател.

Иванов, како и другите говорници, предупреди на кревкоста на рамнотежата меѓу човештвото и природата.

- Го нарушивме кревкиот климатски баланс, рамнотежата меѓу човештвото и природата и ја загрозивме иднината на нашите потомци. Денес сме тука за да се обидеме да ја избегнеме провалијата кон која се стремиме. Денес сме тука за да покажеме дека имаме доволна политичка волја за да се соочиме со реалноста на глобалното затоплување, рече тој.

Претседателот Иванов, притоа потсети дека Република Македонија веќе ги има утврдено националните придонеси кон климатските промени.

- Нашиот став е јасен. Се залагаме за усвојување на меѓународен, научно издржан и правно обврзувачки климатски договор што ќе биде амбициозен и применлив за сите земји. Овој сеопфатен договор треба да содржи конкретни чекори за ублажување и адаптација кон климатските промени, за финансирање, јакнење на капацитетите и трансфер на технологии. Треба да содржи начин на спроведување и транспарентност на активностите и поддршка. Во рамките на нашите можности ќе се придржуваме кон таков климатски договор. Тоа е наш став и како претседавач со Централно европската иницијатива, рече Иванов.

За претседателот на Републиката, тука, во Париз треба конечно да се затвори кругот на одговорност. Но, за да го направиме тоа неопходна е подлабока промена.

- Очекуваме сета досегашна декларативност да биде преточена во конкретни мерки за акција. Очекуваме, краткорочните, да ги замениме со долгорочни решенија. Културата на расфрлање да ја замениме со култура на одржливост. Себичните интереси да ги замениме со интересите на човештвото. Површната реторика да ја замениме со конкретни дела. И тоа не заради нас, туку заради нашето потомство, рече на крајот од својот говор Иванов.

## Дневник - *Иванов разговараше со Обама и Меркел*

Претседателот Ѓорге Иванов на маргините на лидерската конференција за климатските промени што се одржува во Париз имал средба со претседателот на САД, Барак Обама.

## MIA - Fillojnë negociatat në Konferencën për klimën në Paris

E MARTË, 01 DHJETOR 2015, 11:0:28

MIA
AGJENCIA INFORMATIVE E MAQEDONISË

BALLINA | MAQEDONI | BOTË | EKONOMI | KULTURË | SPORT | INFO SERVISE | MULT

Ballina | Botë | Fillojnë negociatat në Konferencën për klimën në Paris

### Fillojnë negociatat në Konferencën për klimën në Paris

Recommend 0

E martë, 01 Dhjetor 2015 7:55




**Paris, 1 dhjetor 2015 (MIA)** - Pas fjalimeve të presidentëve, delegacionet e 195 shteteve fillojnë sot negociata në konferencën botërore për klimën, që mbahet në Paris.

Para se të kthehet në Uashington, presidenti amerikan Barak Obama do të mbajë konferencë për shtyp, lajmërojnë mediat franceze. Presidenti francez Fransoa Olland do të marrë pjesë në mini takime në nivel të lartë me dhjetëra liderë nga shtetet afrikane. Tema e takimit është Sfidat klimatike dhe zgjidhjet afrikane.

"Do të jetë rëndë. Projekti për marrëveshje është i gjatë dhe ka shumë variante", thotë një përfaqësues evropian në konferencë, i cituar nga mediat franceze. **sa/bsh/07:49**

**AlsatM - *Mbi 150 liderë botërorë zbritën në Paris për Samitin 2 javorë të klimës***

ALSAT M

# Mbi 150 liderë botërorë zbritën në Paris për Samitin 2 javorë të klimës

15:49, 30 nëntor

Shpërnda publikisht:



Mbi 150 liderë botërorë janë mbledhur në Paris për Samitin e klimës të Kombeve të Bashkuara. Shefat e shteteve dhe qeverive në samitin 2 javësh do të përpiqen të arrijnë një marrëveshje të re që synon frenimin e rritjes së temperaturave mbi 2 gradë celsius dhe çlirimit të gazrave të dëmshëm. Presidenti i Francës Francua Hollande nënvizoi se lufta kundër terrorizmit duhet të zhvillohet paralelisht me luftën kundër ngrohjes globale.

“Luftën kundër terrorizmit nuk mund ta vini përballë luftës ndaj ngrohjes globale. Ato janë dy sfida globale që duhet ti kapërcejmë me qëllim që fëmijëve tanë t’iu lëmë diçka më shumë nga një botë e çliruar nga terrorizmi, ne jemi të detyruar t’iu lëmë dhe një planet të mbrojtur nga katastrofa. Një planet të shëndoshë”, u shpreh
Francua Hollande, President i Francës.

"Parisi duhet të shënojë një pikë kthese. Ne kemi nevojë që bota ta dijë se jemi të vendosur për zvogëlimin e çlirimit të gazrave, të ardhme përtëritëse për klimën, nuk ka kthim prapa. Ky është një fillim shumë i mirë por ne duhet të veprojmë më shpejtë, nëse duam të kufizojmë rritjen e temperaturave globale mbi 2 gradë celsius", deklaroi Ban Ki Mun, Sekretar i përgjithshëm i OKB-së.

Pavarësisht dallimeve, Presidenti i SHBA-së Barak Obama porositi se ndryshimet duhet të bëhet tani.

"Kjo përbën pikë kthese, ky është momenti ku përfundimisht shprehim përcaktimin për të shpëtuar planetin. Erdha këtu personalisht si lider i ekonomisë më të madhe botërore dhe vendi i dytë në botë që çliron gazra të dëmshëm, të them se SHBA jo vetë që njeh rolin e saj në krijimin e këtij problemi por ne pranojmë përgjegjësinë për të bërë diçka rreth këtij problemi", tha Barak Obama, President i SHBA-së.

Samiti në Paris mbahet nën masa të jashtëzakonshme të sigurisë, pas sulmeve terroriste të 13 nëntorit, që lanë të vdekur 130 persona. Policia franceze gjithashtu një ditë më parë arrestoi 208 persona pas protestave që u përshkallëzuan në dhunë mes demonstruesve dhe forcave policore.

**Semra Musai**



## Idividi - *Në Konferencën për klimën në Paris fillojnë negociatat*

Pas fjalimeve të presidentëve, delegacionet e 195 shteteve fillojnë sot negociata në konferencën botërore për klimën, që mbahet në Paris.

## Tetova Sot - *Paris, liderët botërorë bisedojnë për klimën*

Afro 150 liderët nga e gjithë bota kanë arritur në Paris për të marrë pjesë në samitin madhor, ku synohet të arrihet marrëveshje afatgjatë për ndaljen e rritjes së temperaturave në tokë.

## Zhurnal - *Paris. Kërkohet zgjidhje për uljen e nivelit të ngrohjes globale*

Në Samitin e Parisit udhëheqësit e 150 shteteve dhe rajoneve të botës do të përpiqen që të merren vesh për zvoglimin e emetimit të gazrave të dëmshëm si shkatar për shkatimin

## Република - Францускиот институт организира културни настани во чест на Конференцијата на ОН за климатски промени

# Францускиот институт организира културни настани во чест на Конференцијата на ОН за климатски промени

Францускиот институт во Скопје во текот на оваа недела организира два културни настани во чест на големата Конференција на Обединтетите нации за климатски промени COP21, којашто се одржува од 30 ноември до 11 декември во Париз.




В среда, 2 декември 2015, во 20 часот, во Кинотеката на Македонија, ќе се одржи проекцијата на филмот „По дождот“ на македонската режисерка Билјана Гарванлиева.
Филмот прикажува четири жени од Македонија, коишто се занимаваат со земјоделство и припаѓаат на различни возрасни групи, како и нивниот процес на прилагодување на на климатските промени.

Влезот е бесплатен.
В четврток, 3 декември 2015, во 19 часот во Францускиот институт во Скопје, ќе се одржи дебата, насловена како „Заборавената врска помеѓу исхраната и климатските промени“.
Ќе учествуваат проф. д-р Ирина Младеновска, професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, Горан Ангеловски, Претседател на Федерацијата на органски производители на Македонија, и Жарко Василевски, производител на органска храна.

## Утрински - Прскањето на улиците го намалило загадувањето за 20 отсто?!

Утрински весник

### ПРСКАЊЕТО НА УЛИЦИТЕ ГО НАМАЛИЛО ЗАГАДУВАЊЕТО ЗА 20 ОТСТО?!



**Третирањето на коловозите моментално е прекинато. Се чека да поминат 10 дена со повисоки концентрации ПМ-10 за пак да се прска**

**Билјана Ангеловска**

Околу 20 проценти се намалило загадувањето на воздухот во Скопје откако градските власти почнаа да ги прскаат сообраќајниците со калциум магнезиум ацетат (КМА). Од Градот Скопје велат дека се задоволни од првичните ефекти иако се очекувало намалување до 30 отсто, бидејќи, сепак, се покажало дека преземената мерка вродила со плод.

„Деновиве прскањето е прекинато, бидејќи концентрацијата на ПМ-10 во воздухот беше под дозволената граница од 50 микрограми на кубен метар. Но, кога ќе има потреба, ние сме подготвени веднаш да продолжиме со третирање на улиците. Средство има доволно, а прскањето ќе се проширува етапно и во другите делови од градот", вели Неделчо Крстевски, портпарол во Град Скопје.

Тој појасни дека за да се примени оваа превентивна мерка треба 10 дена по ред загадувањето да биде поголемо од максимално дозволеното, односно во воздухот да има честички ситна прашина над 50 микрограми на кубен метар. Кога средно дневната концентрација ќе падне под тие 50 микрограми, прскањето прекинува.

Но, скопјани немаат впечаток дека загадувањето е намалено. Навистина, во изминатите неколку дена воздухот беше почист, но граѓаните велат дека реално, тоа не е резултат на прскањето на улиците, туку повеќе на ветрот што дуваше и на дождот што ја изми прашината од коловозите. И, не само скопјани, туку и граѓаните на Тетово го имаат истиот впечаток. И таму пред десетина дена почна да се применува оваа мерка за намалување на загадувањето, но тетовци не се многу убедени дека од тогаш дишат почист воздух. Тетово и натаму е лидер во загаденост, а Скопје „себично" го следи не дозволувајќи да му биде одземено второто место на листата најзагадени градови во Македонија.

По неколку релативно почисти денови, вчера концентрациите на честичките ситна прашина ПМ-10 и ПМ-2,5 повторно скокнаа далеку над максимално дозволената граница од 50, односно 25 микрограми на кубен метар. Во Тетово вчера беа измерени 200 микрограми на кубен метар ПМ-10, што е четири пати повисока концентрација од дозволената. Нешто пониско, но сепак, средно загадување беше регистрирано во Центар, Карпош и во Лисиче, каде што мерните станици покажуваа од 50 до 100 микрограми на кубен метар, додека во Карпош имаше висока концентрација и на ПМ-2,5 и тоа 80 микрограми на кубен метар, што е повеќе од три пати над дозволените 25 микрограми на кубен метар воздух.

И од Министерството за животна средина и просторно планирање велат дека се' уште не може убаво да се согледаат ефектите од третирањето на улиците со средство за намалување на загадувањето, бидејќи за такво нешто, покрај подолг третман и поволни временски услови, потребно е да биде опфатена и поголема површина. Исто така, временските услови се менуваат на секои два, три дена, а за да се видат и споредат одредени параметри на загадување, најважно е да нема ветер и времето да биде изедначено повеќе денови последователно. Од друга страна, како што велат од Министерството, ова е прв пат да се применува ваква мерка, па засега уште никој не знае точно колку пати таа треба да се повтори за да има видливи ефекти.

„Уште е многу рано да се каже каков ефект има третирањето на улиците со КМА. Треба да се прска подолго и да биде опфатен поголем потег за да се види ефектот. А, за да можеме да направиме некаква анализа, треба да се земат предвид многу параметри кои влијаат на амбиенталниот воздух, како на пример, ветер, дожд, магла... Затоа ќе биде потребно подолгорочно да се спроведува акцијата, можеби дури и две, три зими, па дури после да се зборува за некакви ефекти", вели Сашо Секуловски, портпарол на Министерството за животна средина.

## Телеграф - [Утрово најзагадено е во Тетово]

TELEGRAF.MK

# Утрово најзагадено е во Тетово

Во текот на ноќта во овој град максималната концентрација изнесувала 546 микрограми во 20 часот, а дозволеното ниво е 50 микрограми

Like 0 Share 0 Tweet G+1 0



Тетово (Фото: Телеграф.мк/Влатко Перковски)

**Тетово утрово е најзагаден град во Македонија.** Мерните станици во осум часот регистрираа концентрација на ПМ10-честички од 262 микгрограма на кубен метар.

**Во текот на ноќта во овој град максималната концентрација изнесувала 546 микрограми во 20 часот, а дозволеното ниво е 50 микрограми.**

**Во скопскиот регион најзагадено е во Лисиче со 145 микгрограми на кубен метар, потоа Центар 121, Карпош 112, Гази Баба 108, кај Ректорат 81, и Миладиновци со 63.**

## Lider - Најзагадено во Тетово

Тетово утрово е најзагаден град во Македонија. Мерните станици во осум часот регистрираа концетрација на ПМ10 честички од 262 микгрограми на метар кубен. Во текот на ноќта во овој град максималната концентрација изнесувала 546 микрограми, во 20 ...

## Канал 77 - Утрово најзагадено во Тетово

Тетово денеска е најзагадиот град во државата. Мерните станици во осум часот регистрираа концетрација на ПМ10 честички од 262 микгрограми на метар кубен. Во текот на ноќта во овој град максималната концентрација изнесувала 546 микрограми, во 20 ...

## Утрински - Најзагадено во Тетово

Тетово утрово е најзагаден град во Македонија. Мерните станици во осум часот регистрираа концетрација на ПМ10 честички од 262 микгрограми на метар кубен. Во текот на ноќта во овој град максималната концентрација изнесувала 546 микрограми, во 20

## MIA - Ajri më ndotur per Tetovë

E MARTË, 01 DHJETOR 2015, 11:0:10

MIA
AGJENCIA INFORMATIVE E MAQEDONISË

BALLINA | MAQEDONI | BOTË | EKONOMI | KULTURË | SPORT | INFO SERVISE | MU

Ballina | Ekologji | Ajri më i ndotur në Tetovë

### Ajri më i ndotur në Tetovë

Recommend 0

E martë, 01 Dhjetor 2015 9:32



**Shkup, 1 dhjetor 2015 (MIA)** - Tetova në mëngjes është qyteti më i ndotur në Maqedoni. Pikat matëse në orën tetë regjistruan koncentrim të grimcave PM10 nga 262 mikrogramë në metër kub. Gjatë natës në këtë qytet koncentrimi maksimal ka arritur 546 mikrogramë, në orën 20:00.

Në rajonin e Shkupit ajri më i ndotur është në Lisiçe me 145 mikrogramë në metër kub, pastaj në Qendër me 121, Karposh me 112, Gazi Babë me 108, në Rektorat me 81 dhe Miladinovc 63.

Në Manastir në mëngjes në orën tetë janë matur 161 mikrogramë, në Veles 73 dhe në Kërçovë 51 mikrogramë në metër kub. **sa/bsh/09:19**

## МКД - Големи се потенцијалите за користење на амбалажниот отпад

МКД

# Големи се потенцијалите за користење на амбалажниот отпад

Инвестициите во подобро управување со овој вид на отпад мора да ги третираме како економски потенцијал, а не само како трошок.



СПОДЕЛИ
Share 3
Tweet

Отпадот од пакување или како што често во праксата се нарекува како амбалажен отпад, е значителен дел од севкупниот комунален отпад што се генерира во Република Македонија. Иако недостасуваат понови и подлабински истражувања, се проценува дека амбалажниот отпад учествува со повеќе од 20% од вкупно генерираниот отпад (како амбалажа од пластика,

хартија, метал, стакло, дрво и др). Притоа, се проценува дека нивото на рециклирање на овој вид на отпад изнесува околу 15%, што е несфатливо ниско ниво.

Во развиените земји на Европската Унија амбалажниот отпад е значаен ресурс, додека кај нас тој е сè уште многу повеќе проблем, отколку ресурс. Правилното менаџирање со амбалажен отпад може да продуцира големи еколошки и економски бенефити. Рециклирањето на овој вид на отпад може да доведе до отварање на значителен број на нови работни места.

Во Македонија во 2009 година е усвоен Законот за пакување и отпад од пакување. Законот стапи во сила една година подоцна. Во него е пренесена Директивата на ЕУ за пакување и за отпад од пакување. Законот, согласно европската регулатива поставува мошне амбициозни цели - да се рецилира амбалажен отпад во просек помеѓу 55% и 80 % од севкупната генерирана тежина на амбалажниот отпад. Притоа, за разни видови на амблажен отпад се утврдени различни проекции за степен за рециклирање и за другите видови на преработка на отпадот. Исто така, се имплементирани и стандардите на ЕУ, при што помеѓу другото, се предвидува управување со амбалажен отпад и од страна на овластени колективни постапувачи, односно од овластените оператори.

Улогата на овие оператори треба да биде многу значајна. Тоа подразбира и дека нивната одговорност е мошне голема, бидејќи треба да придонесат за подобрување на инфраструктурата за отпадот, за селективното одложување и подигнување на отпадот, за унапредување на рециклирањето на амбалажниот отпад, како и за јакнење на јавната свест на граѓаните.

Затоа е потребен перманентен надзор од страна на надлежните државни и локални инспекциски органи за исполнувањето на законски утврдените обврски од страна овие оператори. Но, потребна е и засилена контрола и на компаниите, во поглед на исполнување на нивните законски обврски за постапување со овој вид отпад. Во спротивно, јасно е дека нема да се исполнат националните цели утврдени со Законот за пакување и отпад од пакување.

Ако се има предвид дека денес, нивото на рециклирањето на амбалажниот отпад изнесува одвај околу 15%, јасно е дека сè уште сме многу далеку од

проектираните цели, но и од обврските што ги имаме како држава со кандидатски статус за членство во Европската Унија. Поради тоа, се неопходни многу поголеми напори и од државата и од локалните заедници и од бизнис секторот, како и од самите оператори за исполнување на овие национални цели. Кога тоа го можат државите од ЕУ, зошто не би можеле и ние? Мора да сфатиме дека треба да го третираме амбалажниот отпад, пред се како потенцијал, кој нуди многу економски и еколошки бенефити, а не само како проблем. Инвестициите во подобро управување со овој вид на отпад мора да ги третираме како економски потенцијал, а не само како трошок. Примената на искуствата и стандардите во управување со отпад од ЕУ, може да дадат сериозен придонес во економскиот развој и до унапредување на квалитетот на животната средина и на здравјето на граѓаните, а со тоа и до подобар квалитет на животот. Ни примената на европските стандарди не е потребна само заради обврските кон ЕУ, туку пред сè заради самите нас.

**Д-р Зоран Шапуриќ, поранешен министер за животна средина и просторно планирање**

## МРТ - [Светот ќе се соочи со повисоки цени на нафта и недостиг на енергија]

# Светот ќе се соочи со повисоки цени на нафта и недостиг на енергија

01.12.2015 10:22

**Светот во наредните децении ќе се соочи со повисоки цена на нафтата и недостиг на енергија во сиромашните и во земјите во развој во Азија и во Африка. Иако опаѓа користењето на јаглен и загадувањето, сепак државите мора веднаш да реагираат за да се спречат катастрофалните климатски промени, оцени извршиот директор на Меѓународната агенција за енергија, Фатих Бирол во Вашингтон.**

Share 0 Ми се допаѓа 0 Tweet




Се намалува користењето на енергија од јаглен во светот. До 2040-та година, најмногу енергија ќе се добива од нафта, природен гас, нуклеарни централи и обновливи извори на енергија од вода, ветер и сонце. Немирите во Ирак, Сирија и регионот ќе влијаат на зголемувањето на цената на нафтата, предвидува новиот извршен директор на Меѓународната агенција за енергија, Фатих Бирол.

**„Констатиравме дека се зголемува ефикасноста на користењето  нафта и природен гас, но бидејќи нафтата се произведува во конфликтни региони растат трошоците за екплоатирање. Ова е една од причините поради која очекуваме нејзината цена да се зголемува во наредните години“, изајви Фатих Бирол, извршен директор на Меѓународната агенција за енергија.**

Побарувачката за енергија во светот ќе расте во наредните години поради зголемувањето на производството во Кина, Индија, Африка и во Азија, кои ќе бидат најголемите потрошувачи на енергија.

**„Очекуваме трошоците за соларна енергија и енергија од ветер, како и цените на енергетски штедливи апарати и автомобили да се намалуваат бидејќи се користи понапредна технологија за нивно производство“, вели Бирол.**

Првиот човек на Меѓународната агенција за енергија прогнозира дека иако се бараат нови чисти извори, сепак во наредните децении нафтата и натаму ќе биде најкористениот извор на енергија во Европа, Африка и во Америка, а природниот гас во Азија.

Проценките на Меѓународната агенција за енергија се дека земјите во наредните децении ќе ја зголемуваат енергетската ефиканост како начин на заштеда на енергијата.